
ОПЕРАЦИЈА
КОВИД 2
Таен Агент за
Добри Дела
Elizabeth Franklin
with
Anna Franklin
Ilario Tariello
Serena Tariello

# ОПЕРАЦИЈА КОВИД
# #2
# Тајна мисија:
# Таен Агент за Добри Дела

Елизабета Франклин
та
Иларио Тариело
Ана Франклин
Серена Тариело

ISBN: 9798637941667

Copyright @2020

Elizabeth and Anna Franklin

Ilario and Serena Tariello

Image on Page 3 used by permission by Ilario Tariello

This book is protected under the copyright laws

of the United States of America.

Contents may not be reproduced in whole or in part

for commercial gain or profit.

Сите права се заштитени. (All rights reserved).

# ПОСВЕТА

Оваа книга е посветена на Ноеми
(Едно мало девојче
која со своите постапки на внимателност
ги допре срцата на цела Италија)

# СОДРЖИНА


(Признание)

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Операција 2 КОВИД-19 – Тајна мисија | 1 |
| 2 | Тајната мисија | 6 |
| 3 | Мисија: Таен Агент за Добри Дела | 11 |
| 4 | Мисија дома: Таен Агент за Добри Дела | 15 |
| 5 | Мисија надвор: Таен Агент за Добри Дела | 19 |
| 6 | Да направиме промена во светот | 21 |

# НАНИЕ

Посебна благодарност до

Илустратор, Серена Тариело

Уредник, Ана Франклин

Превод од англиски на македонски јазик: Елизабета Младеновска, ЕЈ-БИ-СИ-Елизабета, Скопје

# 1 – Операција КОВИД Тајна мисија

Седиш во твојата тајна база што се наоѓа во твојот дом. Одденаш, светнува портокаловото копче.

Ти возбудено ја отвараш тајната веб страница и ја внесуваш твојата тајна лозинка.

На твојот екран се појавува една порака -

*ВНИМАНИЕ! ВНИМАНИЕ!*

*ПОВИК ДО СИТЕ СПЕЦИЈАЛНИ АГЕНТИ!*

*ЗАДАЧА ТАЈНА МИСИЈА!*

„Специјален агент?“ Еј, па, тоа сум јас, нели?, си помислуваш. Те обзема возбуда од помислата дека некоја тајна мисија се подготвува. Го притискаш портокаловото копче да ја отвориш пораката.

На твојот екран се појавуваат Специјалниот агент Серена и Специјалниот агент Ана.




Прва говори Специјалниот агент Серена.

„Добро утро, Специјален агенту! Убаво е што те гледам во тајната база во твојот дом. Од цел свет ни се придружија и многу други агенти. Стануваме една голема и моќна армија!“

„Запамети! Остани во твојата база. Задолжително носи ја твојата опрема ако мора да излезеш надвор. Постојано користи го специјалното оружје што ти го пратив со беспилотното летало, дронот“.



„Често читај го материјалот кој го користевме за твојот тренинг за да не заборавиш што е тоа што те прави да бидеш специјален агент. Тоа е многу важно!“

Во исто време, Специјалниот агент Ана потврдува со климање на главата и вели: „Да, тоа е многу важно!“




Уште сме во војна со непријателот-вирус КОВИД-19. Ти мора да продолжиш со извршување на задачите за кои те тренираме за да може да победиме“.

„Заедно сме една силна и моќна армија. Но, армијата треба да биде подготвена да стори повеќе, отколку само да седи во својата тајна база. Јас уште од дете, како што си ти сега, сум постојано вклучена во тајни мисии. Сигурна сум, дека и Специјалниот агент Серена е вклучена во вакви тајни мисии, исто така.

Ти веќе знаеш што значи да си Специјален агент. Тренингот го помина со одличен успех! Затоа, сега и ти ќе имаш една тајна мисија, исто така.

Командант Лиз ќе ти каже се што е потребно за оваа мисија“.

# 2 ТАЈНАТА МИСИЈА

На екранот се појавуваат Командант Т и Командант Лиз.



Командантот Т вели: „Поздрав, Специјален агенту. Драго ми е што стана Специјален агент! Ме радува што те гледам дека си здрав и силен.

Оваа армија може да стори многу повеќе отколку само да го штити своето семејство, а и себе си.

Како што веќе знаеш, ова е војна со непријателот-вирус КОВИД-19.

Ова е многу напорна и важна задача за сите лекари и медицински лица, кои секојдневно први се соочуваат со овој непријател.

Напорна и одговорна задача е и за полицијата, што деноноќно будно внимаваат и ги потсетуваат граѓаните да ги почитуваат пропишаните правила.

И секако, најнапорно им е на родителите кои сега треба да работат од дома, а и тебе да ти помагаат со задачите од училиште.

Но, да не ги заборавиме и болните луѓе кои се сместени во болниците и се чувствуваат осамени, затоа што нивните блиски не можат да ги посетат.

Да, тешко е. Напорно е и тешко им е на сите што ги извршуваат сите оние работни задачи кои се најпотребни сега. На пример, работниците во сите продавници каде може да се купи зеленчук,

овошје и друга храна неопходна за луѓето да може да се прехранат. Работниците во други компании и институции, како што се банките, бензиските пумпи, комуналните работници, апотекарите во апотеките и сите работници на многу други работни места на кои мора да бидат. Тие едноставно не може да останат дома и да бидат сместени во својата безбедна база-домот. Тие мораат да одат на работа за да ни го обезбедат тоа што на секој од нас секојдневно му е потребно.“

„Кога овој неријател-вирус беше најмоќен во мојата држава, едно мало девојче ги направи сите луѓе среќни. Таа направи нешто многу храбро и скапоцено.

Таа се јави во главната полициска станица за да им прочита писмо што сама го напишала, заблагодарувајќи им се на сите полицајци за несебичната грижа за граѓаните. Нејзиниот начин на искажување почит и благодарност веднаш се прочу низ целата држава, а сите луѓе го благословија овој чин на добро дело.  Оттаму и дојде инспирацијата за нашата тајна мисија во која треба и ти да се вклучиш.

Одговорна за мисијата е Командант Лиз и еве што таа ќе ти каже за оваа мисија.“

Командант Лиз ти се насмевнува. Очите и светат од возбуда, и вели: „Здраво моја малечка, но

моќна армијо! Се гордеам со вас!“



„Со задоволство во срцето гледам колку сте умни и колку добро ја вршите својата задача и внимавате на себе и својата фамилија за да бидете безбедни и здрави. Исто така, многу сум горда што ги паметите и применувате правилата што ги научивте од тренингот. Но, убедена сум дека можете и повеќе. Верувам, моја моќна армијо на специјални агенти, дека ќе помогнете заедно да направиме промена во светот и заедно да го направиме подобро место за живеење.

Сакате да ви кажам како?

Оваа мисија, ако одлучите да бидете дел од неа, е поделена во два дела. Едниот дел е многу таинствен. Тој дел е тајната мисија за твоето семејство.

Другиот дел од мисијата е извршување на задачи со помош на родител, или со некој повозрасен од семејството.

Оваа мисија ја нареков:

# Тајни агенти за добри дела
# Тајна мисија

# 3 Мисија Тајни Агенти за Добри Дела

„Значи, досега задачите беа наменети да се внимава на себе и на своето семејство. Знам дека ти веќе ги научи сите чекори од тренингот и навистина стана супер херој што ги поддучува и другите како да се борат со овој непријател-вирус КОВИД-19.



Големо задоволство и одговорност е да се грижиш за себе и за тие што ти се најмили и ги сакаш. Но, убаво е да се помисли и на други луѓе и да им покажеш дека и за нив можеш да направиш некои добри дела.“

Командантот Т веќе ти раскажа за малото девојче. Исто така, тој спомена дека и

родителите ќе имаат тајна мисија, а со тоа и тие ќе помогнат да го победиме непријателот-вирус.

Сигурно ќе се согласиш со мене дека ти во овој момент не можеш да бидеш ниту доктор, ниту полицаец. Не можеш да бидеш ниту работник во продавница за храна, ниту пак да работиш на бензинска пумпа. Но, сепак ти можеш да направиш толку многу други добри дела, кои исто така се многу важни! На тој начин, сите луѓе ќе знаат дека и малите деца се моќни!

Да, тешко е да се работи работата што ја извршуваат возрасните.

Напорното работење ги заморува и потребен им е одмор. А знаеш ли дека понекогаш и возрасните се плашат?

Но, тоа не е страв од некого, туку од помислата дали некој се грижи за нив и дали некој мисли на нив!

И ете, тука ти се вклучуваш!

Знаеш ли дека посилен стануваш кога си среќен и радосен?

Сега стани и насмевни се! Појди и пошегувај се со твоите родители. Направи некоја имитација, пантомима, или кажи им некоја шега.

Пробај и ќе видиш колку радост тоа ќе внесе во

твоето срце.

Ќе видиш колку среќни сите ќе бидете.

Е, сега ајде да ти кажам за мисијата. Како што ги правиш твоите родители среќни затоа што ги знаеш и почитуваш мерките на претпазливост, исто така ТИ можеш да ги направиш и другите луѓе среќни.

Ти можеш да им ја пренесеш твојата сила преку Тајната мисија наречена Добри Дела, или да станеш Таен Агент за Добри Дела.

Ти можеш да ги направиш и другите да се радуваат!



Прво, потребна ти е посебна картичка, односно многу картички. Дали може сам да ги направиш? (Знаеш дека е храброст да се побара помош ако сам не можеш нешто да сториш). Потребна ти е хартија и боици. Нацртај неколку квадрати на

хартијата и напиши ги овие зборови во секој квадрат:

**Тајниот Агент за Добри Дела беше овде.**

Исечи ги квадратите и стави ги на безбедно место. Тоа се твоите специјални картички за тајната мисија. Подоцна ќе ги искористиш. Чекор по чекор!

Запамети: Ова е мисија во која ТИ правиш добри дела.

Во оваа мисија твоето име останува во тајност! Во оваа мисија, ти ги правиш другите луѓе да се радуваат и да бидат среќни!

Сигурно ќе се согласиш со мене дека правењето добри дела за други луѓе те прави да се чувствуваш посебено.

Запамети дека кога правиме добри дела, не очекуваме нешто за возврат.

Едноставно, го правиме тоа затоа што сме добри и благодарни.

Правењето на добри дела самото по себе е очекуваната награда.

А, најдоброто е дека непријателот-вирус нема да те нападне. Ти си Тајниот Агент кој прави добри

дела!

Со овој тренинг ќе научиш како да правиш добри дела за други луѓе, а најубавото е што тоа можеш да го правиш толку долго, колку ти што сакаш. Токму така, дури и кога ќе пораснеш и бидеш возрасна личност.

И секогаш луѓето ќе бидат среќни и ќе чувствуваат дека некој тајно ги сака и се грижи за нив.

Значи, ако одлучиш да бидеш дел од оваа мисија, Специјалниот агент Серена и Специјалниот агент Ана ќе ти кажат кои добри дела можеш да ги направиш, иако и другите луѓе седат во своите домови.

Специјалните агенти Ана и Серена имаат задача од мене, а таа задача е да ти ги кажат сите задолженија што ти можеш да ги направиш за да бидеш успешен Таен Агент во оваа тајна мисија.

# 4 МИСИЈА ДОМА: ТАЕН АГЕНТ ЗА ДОБРИ ДЕЛА

На екранот се појавува Специјалниот агент Ана.



„Првиот дел од твојата мисија е во твојот дом. Кога бев малечка, мојата мајка ме научи мене, а и моите другарчиња од соседството како да бидеме тајни агенти кои прават добри дела.

И јас направив картички исти како твоите. Барав начин што и како да направам за да можам моето семејство и соседите да ги израдувам.

И се сетив! Оставив една од картичките на кујнската маса и се сокрив.

Никој не виде и никој не знаеше од каде е таа картичка.

Беше многу смешно и интересно.

Но, моите родителите мораа да ми помогнат во оваа мисија. Заедно ќе отидевме до соседите и ќе ги собиревме паднати лисја од дрвјата во нивниот двор, или ќе ја сметевме нивната долга тераса, или ќе ја исчистевме од снег патеката што водеше до нивната врата. Но, секако со „дозвола“ од родителите и само тогаш кога соседите не можеа да не видат.

Картичките на кои пишуваше „Таен Агент за Добри Дела“ ги остававме пред вратите на соседите.

Потоа, ќе се сокриевме и чекавме да видиме колку тие ќе се ирадуваат кога ќе го видат нашето добро дело.

И секогаш беше многу интересно кога ќе ги видевме нивните насмеани лица.

Во моето семејство, јас бев Тајниот Агент за Добри Дела.

Како таен агент во нашиот дом, извршував работи за кои никој не требаше да ми каже, или да бара да ги направам. Ќе наберев цвеќиња од градината и ќе ги ставев во вазна за да ги изненадам моите родители, а до вазната ќе ја оставев картичката на која пишиваше Таен Агент за Добри Дела; ќе ги соберев играчките со кои си играл мојот братучед и ќе оставев една од картичките Таен Агент за Добри Дела.

Ќе се сокриев и гледав како сите се радосни. Но, додека така седев, смислував и други начини со кои можам да ги изненадам и израдувам луѓето.

Ете, и ти можеш истото ова да го правиш!

Лесно е! Забавно е!

И јас, како и ти сега, се школував дома додека да пораснам и тргнам во средно училиште.

Тајниот агент кој прави добри дела, исто така треба да ги извршува и завршува училишните обврски, а секогаш може и повеќе да направи. И така, ќе се пофалиш на својата воспитувачка, учителка или наставничка кога повторно ќе ја видиш за сите твои добри дела што си ги сторил и се уште ги правиш.

Јас секогаш успевав да ја израдувам мајка ми.

Значи, сега училишните задачи сам ги работиш, и бараш помош од родителите, но само ако навистина ти е потребна. Така прават Специјалните агенти!

Можеш и ти да ги насмееш и израдуваш твоите родители.

Искрено, забавно е дома да одиш на училиште. А, уште позабавно е ако тоа е твоја специјална мисија и ги исполнуваш училишните задачи без да се жалиш.

Има уште една работа што можеш да ја направиш како Таен Агент за Добри Дела.

Твоите баба и дедо мора да седат дома.

А, тоа ги прави да се чувствуваат осамено.

Знаеш дека твоите родители се зафатени затоа што работат од дома, а исто така ги извршуваат и домашните работи низ домот, но имаат и обврска и тебе да ти помогнат со училишните задачи, ако тоа го побараш од нив.

И ете така, на твоите родители сигурно не им останува многу време за да можат и со баба ти и дедо ти да разговараат често.

Затоа, ТИ ќе бидеш семејниот Специјален агент кој ќе им се јавува и ќе разговара со нив секој ден.

Раскажи им на баба и дедо за сите задачи и мали-големи дела што ги правиш за светот да биде поубав.

Сега, Специјалниот агент Серена ќе ти даде некои идеи како да го направиш светот околу тебе поубав.

# 5 Мисија надвор: Таен агент за добри дела

Специјалниот агент Серена почнува да говори.




„Здраво Специјални агенти!“

Јас многу сакам да цртам!

А ти? Сакаш ли?

Имам неколку идеи со кои ќе можеш да ги израдуваш сите работници кои мораат да работат додека напаѓа овој непријател-вирус.

На пример, може да напишеш писма со благодарност за целата пожртвуваност што работниците ја даваат. Или пак, може да нацрташ нешто и да напишеш БЛАГОДАРАМ. Сите писма и цртежи може да ги испратиш до лекарите, медицинските сестри, полицијата и до работниците во продавниците за храна во твојата околина.

На овој начин ќе вежбаш пишување, креативно мислење, но и креативно цртање.

Еве еден предлог што да напишеш: „Ви благодарам затоа што им помагате на сите луѓе" и да нацрташ нешто на истиот лист. А потоа, може да избереш на каков начин ќе ги испратиш сите писма со благодарност: по пошта, или ќе замолиш еден од твоите родители да го стори тоа по електронска пошта. Но, може и да се јавиш на телефон, или да пратиш порака.

Може да направиш картички на кои ќе пишува „Оздрави брзо" и може да замолиш некој поозрасен да ги однесе на болните во најблиската болница. Потсети го тој што ќе ги носи картичките да ги поздрави сите лекари и медицински сестри и да му ја прочитаат

картичката на болниот.

Може да направиш маски за лице и заедно со еден од твоите родители да одите од врата до врата за да ги закачиш на рачките од надворешната врата на твоите соседи. Може да замолиш некој повозрасен да им однесе од маските за лице на луѓе кои не можат да излезат и да ги купат затоа што се постари и не можат да излезат и сами да си купат.

Се сетив, можеби треба да направиш картички на кои ќе пишува „Ви благодарам што сте тука за нам да ни е подобро“. Еден од твоите родители, или некој повозрасен може овие картички да ги однесе и да ги подели на работниците во најблиската продавница, во најблиската банка или бензиска станица. Верувај ми дека многу ќе се израдуваат сите тие што мора да работат додека ние седиме дома.

А за твојата воспитувачка, учителка или наставничка може да направиш специјална картичка на која ќе напишеш „#1 Најдобри сте!“ Се сети? Оваа картичка е за твоите родители затоа што тие сега најмногу ти помагаат со училишните задачи. Ха, ха, те збунив малку, нели? Најспецијалната картичка ќе ја чуваш да ја дадеш токму на тие што секогаш мислат на тебе, а тоа се твоите родители, или твојата мајка, или татко ти.

Затоа сакаме да се вклучиш во оваа мисија и да

им покажеш на сите дека мислиш на нив и се грижиш за нив.

Откако ќе направиш дел од овие задачи, кажи ни! Ќе те наградиме со специјална благодарница како успешен Таен Агент за Добри Дела! Ќе ти ја пратиме на електронската пошта од која ќе ни пишеш (на последната страница е наведена е-поштата на која може да им напишете порака на Командант Т и Командант Лиз).

А сега, Командант Т и Командант Лиз пак ќе ти се обратат. Јас и Специјалниот агент Ана те поздравуваме со зборовите „Чини добри дела и споделувај добрина!“

# 6 ДА НАПРАВИМЕ ПРОМЕНА ВО СВЕТОТ




На екранот повторно се појавуваат Командантот Т и Командантот Лиз.

Прва говори Командант Лиз.

„Сакам да ти кажам дека многу верувам во тебе,

но и колку сите ние многу веруваме во тебе. Веруваме дека децата и младите можат да прават неверојатни работи, иако се мали и млади. Уште повеќе веруваме дека повозрасните можат многу да научат од вас малите и моќни, но потребно е да ве сослушаат и да ве видат на дело.“

Командантот Т проговорува.

„Се надевам дека и ТИ ќе станеш дел од оваа мисија.

Цврсто сум убеден во тоа.

Верувам дека освен предложените идеи, ти ќе смислиш и други со кои ќе ги израдуваш твоите родители, браќа и сестри, твоите баба и дедо, соседите и сите околу тебе.“

Истовремено, Командант Т и Командант Лиз се насмевнуваат и заедно, во еден глас велат:

Ние те сакаме и веруваме во тебе и сметаме на тебе, наша мала специјална армијо!

Ајде заедно да почнеме да го менуваме светот, Специјални агенти!“



Може да им пратиш електронска порака на Командат Т и Командант Лиз на следната е-пошта: agent@covidops.info

Посети ја веб страницата www.covidops.info за повеќе информации. На оваа страница може да најдеш, да погледнеш и слушнеш многу интересни работи кои може да ги правиш додека трае војната со непријателот-вирус. Има и видео снимки на кои Командант Т, Командант Лиз и Специјалните агенти Ана и Серена ја читаат книгата заедно со преведувачите за да можат сите деца во светот да ја слушнат и разберат.

Сите видео снимки или фотографии од твоите специјални картички со цртежи, писма, картички

и идеи ќе бидат прикачени на оваа веб страница, ако ни ги испратиш на горе-напишаната е-пошта.

Затоа, родители праќајте ги добрите дела направени од вашите деца на наведената е-пошта!

Родители и деца, може да испраќате е-пораки и честитки до пензионерски домови и сите што се во изолација, на следниот линк:

https://www.today.com/parents/writing-cards-nursing-homes-others-isolation-can-help-t176680

Останете дома! Бидете здрави! Бидете силни! Моќни Специјални агенти!

ЗА ТИМОТ НА ОПЕРАЦИЈАТА КОВИД

Семејствата Франклин и Тариело се договорија заедно да поведат една голема тајна мисија со која ќе ги научат децата и младите како да станат супер-херои и да се вклучат во тековната борба против непријателот-вирус КОВИД-19. Многубројни преведувачи-волонтери од целиот свет придонесоа оваа книга да биде достапна на сите јазици за да можат сите да знаат дека и децата и младите се силни и моќни. Заедно ќе победиме



**Елизабета Франклин, Командант Лиз**, или Мама Лиз е писател и гласно-говорник кој им се обраќа на децата, младите и студентите за да ги охрабри како најдобро да го искористат времето и да станат успешни. Таа верува во потенцијалот на оваа моќна армија од деца и млади дека тие можат да станат супер-херои токму во своите домови и во соседството. Таа е автор на овој сериал од книги и длабоко верува и се надева дека сите деца и млади во себе имаат талент со кој може да го сменат светот сега, токму тука. www.lizfranklin.com www.franklinandfranklinbooks.com



**Иларио Тариело, Командантот Т**, е меѓу првите во најновите технологии за помош во проучувањето на вируси, користејќи многу напредни компјутерски патентирани идеи и слики кои тој ги креира со години наназад. Тој има работено и работи со вирολози-научници на кои им овозможува со помош на компјутерски слики што подобро да го претстават кој било вирус. Тој е ИТ сецијалист. Неговото големо срце кое чука за да ms помгне на целиот свет да оздрави е инспирација за серијата на книги со ваква содржина. www.IlarioTariello.com

 **Специјалниот агент Серена Тариело** е млада девојка која оди во средно училиште. Нејзина љубов се архитектурата и музиката. Има „црн појас“ во карате, а нејзиниот сон е еден ден да биде успешна глумица. Во книгите таа им се обраќа на сите деца и млади пренесувајќи им го своето искуство за време на рестрикциите и мерките за заштита од пандемијата додека и таа седела во својот дом во Италија. Во градот каде што таа живее, нејзината улога како Таен агент кој прави добри дела е во шиењето и разнесувањето на маски за лице на сите стари луѓе во нејзиното соседство. Со помош на нејзиниот уметнички талент, во книгата има прекрасни илустрации креирани од неа.

 **Специјалниот агент Ана Франклин** е студент на Универзитетот Тенеси, на Факултетот за Комуникации и Меографија (Метеорологија). Но, таа е и писателка, гласно-говорник, уредник и истражувач која се обидува да им помогне на сите кои не се подготвени за тешки времиња и природни непогоди. Автор е на две серии од книги за деца и музички претстави. Со голема љубов, таа се погрижи содржината и дејствијата во овие книги да се прилагодени за сите деца и млади во светот. Нејзината улога као Таен агент кој чини добри дела е во собирањето полнети мечиња-играчки на кои им врзува машничка, а на машничката се напишани зборовите „Јас мислам и се грижам за вас“. Мечињата ги поклонува на сите деца кои немаат, или пак настрадале од некоја непогода. www.AnnaEFranklin.com www.franklinandfranklinbooks.com